Република Северна Македонија

**Министерство за правда**

**Биро за застапување на Република Северна Македонија пред Европскиот суд за човекови права**

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ

## ЗА РАБОТАТА НА МЕЃУРЕСОРСКАТА КОМИСИЈА ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА ОДЛУКИТЕ НА ЕСЧП ЗА 2019 ГОДИНА

2020, СКОПЈЕ

## 1. Надзор над извршувањето на пресудите и одлуките на ЕСЧП

Во согласност со член 46 од ЕКЧП, Комитетот на министри врши надзор над извршувањето на пресудите на ЕСЧП. Ваквата надлежност Комитетот ја реализира во принцип во текот на 4 редовни состаноци (DH meetings) годишно. Суштината на оваа надлежност на Комитетот на министри е да обезбеди дека државите-членки на Советот на Европа ги извршуваат пресудите и определени одлуки донесени од страна на ЕСЧП. Комитетот, надзорот над извршувањето на секој поединечен случај го завршува со донесување на финална резолуција. Финалните, како и времените резолуции и останати одлуки кои Комитетот на министри може да ги донесе во врска со надзорот над извршувањето на конкретен предмет јавно се објавуваат од страна на Комитетот на министри.

## 2. Опсег на надзорот кој го врши Комитетот на министри

Мерките кои се очекува да бидат преземени од страна на државата во процесот на извршување се од два вида:

Првиот вид на мерки – ***индивидуалните мерки*** – кои се однесуваат и се насочени кон апликантот. Тие се насочени кон отстранување на последиците кои апликантот ги трпел како последица на повредите на Конвенцијата констатирани во пресудата на ЕСЧП и имаат за цел постигнување на „*restitutio in integrum*" (враќање во поранешна состојба) во најголема можна мера.

Обврската за преземање на индивидуални мерки има два аспекти: прво, државата во принцип има обврска на апликантот да му исплати определен *паричен износ на име правично обештетување,* односно надомест на штета за констатираната повреда на Конвенцијата, а досуден од страна на ЕСЧП во согласност со членот 41 од Конвенцијата.

Вториот аспект се однесува на фактот дека последиците од повредата не секогаш се соодветно ремедирани исклучиво со исплатата на правичното обештетување во износ досуден од страна на ЕСЧП или пак со самото констатирање на повреда на ЕКЧП. Во зависност од околностите, обврската за *restitutio in integrum,* може да бара преземање понатамошни мерки како на пример, повторување на постапката за која ЕСЧП констатирал дека била спроведена спротивно на членот 6 од Конвенцијата (право на правично судење), итн.

Вториот вид на мерки – ***општите мерки*** – се однесуваат на обврската на државата да превенира идни слични повреди на Конвенцијата или ставање крај на континуираните повреди на Конвенцијата (како на пример законски или дури и уставни измени или пак зголемување на бројот на персоналот, измена на постојните практики и сл.). При оценката на општите мерки, Комитетот на министри особено внимание посветува на ефикасноста на мерките од аспект на превенирање на идни слични повреди на ЕКЧП и на тој начин превенирање на ткн. „клонирани/повторувачки случаи" пред ЕСЧП, со наводи за исти односно слични повреди на Конвенцијата како оние веќе утврдени од страна на ЕСЧП во претходни пресуди. Ова е особено важно од аспект на извонредно големиот број на апликации со кој се соочува ЕСЧП во последните години и потребата од обезбедување на долгорочна ефикасност на системот на извршување.

Опсегот на мерките за извршување кои Комитетот на министри ќе ги бара или очекува во процесот на извршување на една пресуда зависи од заклучоците во пресудата на ЕСЧП, гледани

од аспект на праксата на Комитетот на министри и релевантните информации за состојбите на национално ниво. Така, понекогаш во процесот на следење и надзор на извршување на пресудите, Комитетот на министри може да оцени за потребно да почека ЕСЧП да донесе други дополнителни одлуки кои ќе понудат одговор на прашањето дали нови апликации од слична природа се недопуштени што докажува дека преземените општи мерки вродиле со плод и се ефективни во превенирањето на идни слични повреди или пак доведуваат до заклучок дека апликантот продолжува да ги трпи последиците од повредите на ЕКЧП или пак, сè уште претставува жртва на веќе констатираните повреди.

Во однос на исплатата на правичното обештетување условите за извршување најчесто се составен дел на самата пресуда на ЕСЧП (рокот за исплата, валутата, затезната камата итн.). Исплатата сепак, како и во останатите држави-членки на Советот на Европа, покренува понекогаш комплексни прашања, на пример во случај кога согласно пресудата износот треба да се плати на апликантот, а адвокатите бараат исплатата да се изврши на нивните сметки или кога апликантите од определени причини одбиваат соработка и не ги доставуваат потребните податоци за непречена исплата на досудениот износ (на пр. не доставуваат сметка на која исплатата треба да се изврши) и сл. Ваквите случаи се решаваат согласно праксата на Комитетот на министри (за повеќе види документ CM/Inf/DH(2008)7final).

Во однос на природата и опсегот на мерките потребни за извршување на пресудата, независно дали се работи за индивидуалните или општите мерки, пресудите во принцип, не се многу податливи. Ваквите мерки, како што впрочем ЕСЧП и самиот констатира во многу прилики, треба да ги идентификуваат самите држави, под надзор на Комитетот на министри. За овие потреби, националните власти може да најдат насоки во богатата пракса на другите држави која се развивала низ годините и препораките на Комитетот на министри. Ваквата ситуација се објаснува со принципот на супсидијарност, согласно кој одговорната држава има во принцип, слобода на избор во однос на мерките кои ќе ги презема со цел да ги исполни обврските од ЕКЧП, во однос на извршувањето на пресудите. Сепак, ваквата слобода оди рака под рака со контролата од страна на Комитетот на министри, кој во текот на надзорот над извршувањето на конкретна пресуда, може да усвои одлуки или времени резолуции со цел да го изрази своето задоволство, загриженост, охрабрување и/или предлози во однос на мерките за извршување кои се очекуваат.

Генералниот директорат за човекови права и владеење на правото преку Одделот за извршување на пресудите и одлуките на ЕСЧП му помага на Комитетот на министри во надзорот на мерките кои се преземаат од страна на државата во процесот на извршување на пресудите на ЕСЧП. Одделот во процесот на извршување на конкретна пресуда на државата може да ѝ понуди или на нејзино барање да одговори со разни форми на помош (совет, правна експертиза, тркалезни маси и други форми на таргетирана соработка).

## 3. Систем на надзор врз извршувањето

### Идентификување на приоритетните случаи – систем на „две траки“

Со цел да се одговори на потребите за поголема ефикасност на системот на надзор над извршувањето на пресудите на ЕСЧП, моделот од 2010 година предвиде систем на надзор кој се заснова на „две траки“ што му овозможува на Комитетот на министри да се фокусира на предметите под *„зајакнат надзор“* за разлика од останатите предмети чие извршување ќе биде под *„стандарден надзор“* на Комитетот на министри.

Правилата на Комитетот на министри предвидуваат под „*зајакнат надзор*" да се следат:

- предметите кои бараат итни индивидуални мерки;
- пилот-пресудите;
- пресудите кои укажуваат на постоење на крупни структурни и/или комлексни проблеми идентификувани од страна на ЕСЧП и/или Комитетот на министри и
- меѓудржавните предмети.

Ваквата класификација на предметите ја прави Комитетот на министри кој може да одлучи било кој случај да се следи под „зајакнат надзор" на иницијатива на држава-членка на Советот на Европа или на иницијатива на Секретаријатот. Ваквата иницијатива може да биде дадена во било која фаза од постапката на надзор над извршувањето. На сличен начин предмет чие извршување е под „зајакнат надзор" може последователно да премине во „стандарден надзор" кога развојот на настаните во рамките на националниот процес на извршување не укажуваат на понатамошна потреба од „зајакнат надзор". Така на пример, трансферот од „зајакнат" во „стандарден" надзор може да се случи кога Комитетот на министри е задоволен од презентираниот акционен план или неговата имплементација, кога државата ќе ги надмине пречките кои постоеле во процесот на извршување на конкретна пресуда или кога итните индивидуални мерки за кои постоела потреба согласно околностите на предметот, ќе бидат преземени.

Обратно, трансферот од „стандарден" во „зајакнат надзор" е можен поради:

- *недоставување на акционен план односно извештај*

Имено, доколку државата не поднесе акционен план односно извештај во периодот од 6 месеци по конечноста на пресудата на ЕСЧП, Секретаријатот доставува потсетник, а доколку државата не поднесе акционен план односно извештај во периодот од 3 месеци по приемот на потсетникот, во тој случај Секретаријатот ќе достави предлог, извршувањето на конкретниот предмет да се следи согласно правилата на „зајакнатиот надзор";

- *несогласување помеѓу државата и Секретаријатот околу содржината на акциониот план односно извештај*

Во определени случаи може да се појави несогласување помеѓу државата и Секретаријатот во однос на опсегот или видот на мерките кои треба да бидат преземени во процесот на извршување на конкретна пресуда, тогаш државата и/или Секретаријатот може да дадат иницијатива, извршувањето на предметот да се следи во „зајакната процедура" за да може Комитетот на министри да даде насоки и на тој начин да придонесе и да го помогне процесот на извршување;

- *сериозно доцнење во имплементацијата на мерките предвидени со акциониот план, на иницијатива на Секретаријатот.*

**Континуиран надзор над извршувањето**

Модалитетите во системот направени во 2010 година остануваат базирани на правилото дека сите нови предмети ќе бидат ставени на агендата на Комитетот на министри и дека надзорот, во основа се одвива на специјалните состаноци за човекови права на Комитетот на Министри (Human Rights (HR) meetings). Сепак, тие воведуваат поконтинуиран надзор на процесот на извршување, на тој начин што се смета дека сите предмети се на агендата на секој состанок на Комитетот на министри. Ова треба да му овозможи на Комитетот на министри полесна и побрза

реакција во однос на различниот развој на настани на национално ниво и треба да ја охрабри размената на информации и консултации и поинтензивна соработка помеѓу државата и Одделот за извршување на пресудите и одлуките на ЕСЧП.

Иницијативата предметот да се најде на јавна дебата на состанок на Комитетот на министри може да дојде од држава-членка на Советот на Европа или Секретаријатот. Иако отсуствуваат јасни критериуми во однос на тоа кога може да се истапи со ваква иницијатива, јасно е дека ова е поврзано со прогресот или недостатокот од прогрес во извршувањето на конкретна пресуда и потребата да се бараат насоки или поддршка од Комитетот на министри за процесот на извршување. Иницијативата во секој случај мора да содржи јасни и образложени причини.

**Систем на надзор врз основа на „акциони планови“ и „акциони извештаи“**

Надзорот над извршувањето се спроведува врз основа на систем на *акциони планови* и *акциони извештаи* подготвени од страна на надлежните државни органи во врска со секој конкретен предмет или група на предмети. Тие треба да ги објаснат мерките кои се веќе преземени или е планирано да се преземат (општи и/или индивидуални) за извршување на определена пресуда на ЕСЧП, а како одговор на повредите на ЕКЧП констатирани од страна на ЕСЧП. Акционите планови, меѓудругото ги содржат и роковите во кои планираните мерки треба да бидат преземени од страна на државата, односно од страна на националните надлежни органи, на истиот начин како што акционите извештаи содржат индикација за тоа кога биле преземени мерките за кои државата известува. Приложено кон извештаите може да се доставаат и соодветни материјали во прилог, како доказ за преземените мерки. Правилата на Комитетот на министри кои го регулираат надзорот над извршувањето на пресудите и одлуките предвидува дека акционите планови треба да бидат доставени во што е можно пократок рок, а најдоцна во период од 6 месеци по конечноста на пресудата односно одлуката на чие извршување се однесуваат. Акционите извештаи се доставуваат во принцип последователно и со нив пред Комитетот на министри се реферира за реализацијата на активностите претходно предвидени во доставениот акционен план. По добивањето на акциониот план од страна на државата, Секретаријатот врши прелиминарна оценка на предвидените мерки за извршување и предложената динамика за нивно спроведување. Во оваа фаза Секретаријатот може од државата да побара дополнителни информации, објаснување или друго, со цел усогласување на текстот на предложениот акционен план.

Акционите планови и извештаи може да бидат комбинирани во еден документ или пак да претставуваат одвоени документи кои може, односно треба последователно да се ажурираат (на пример, во случај кога државата одлучила да се преземат дополнителни мерки за извршување кои не можеле да се идентификуваат во иницијалната фаза на извршувањето, односно кога државата известува за прогресот во спроведување на мерките предвидени во акциониот план).

**Транспарентност**

Акционите планови и извештаи изготвени од страна на државите-членки се достапни на интернет страницата на Комитетот на министри: https://www.coe.int/en/web/execution/submissions, како и во HUDOC-EXEC дата базата на интернет страницата на Советот на Европа: https://hudoc.exec.coe.int освен во случаи кога поради доверливост на податоците истите не можат да бидат објавени.

**Особености на практичното функционирање на системот на надзор над извршувањето на пресудите**

Во рамките на процедурата на „стандарден надзор“ интервенциите на Комитетот на министри се ограничени. Ваквите интервенции се сведуваат на потврда кога предметот е ставен за прв пат на агендата дека истиот ќе биде под „стандарден надзор“ и последователно, формално се констатира поднесувањето на акциониот план/извештај. Развојот на настаните на национално ниво, сепак одблиску го следи Одделот за извршување на пресудите. Информациите кои се примаат и евалуацијата на истите направена од страна на Одделот се на располагање на Комитетот на министри со цел тој да може да интервенира во случај на потреба и трансфер на предметот под „зајакнат надзор“.

„Зајакнатиот надзор“ претставува олеснување на процесот на извршувањето на пресудата, кој одблиску се следи од страна на Комитетот на министри, преку усвојување на акти (одлуки и/или времени резолуции) со кои се изразува задоволство, охрабрување или загриженост и/или давање сугестии или препораки во однос на определени мерки за извршување. Интервенциите во зависност од околностите може да имаат друга форма, како на пример, декларација од страна на претседателот на Комитетот на министри или сл., кои се доставуваат до засегнатите држави.

На барање на Комитетот или државата, Одделот може да го помогне процесот на извршување со различни активности на соработка (законска експертиза, билатерални состаноци, тркалезни маси, работни сесии со надлежните државни органи и сл.). Ваквите активности се од особено значење во контекст на извршувањето на предметите чие извршување е под „зајакнат надзор“ на Комитетот на министри.

**Процедура за надзор над исплатата на правичното обештетување**

Надзорот над исплатата на правичното обештетување се поедностави согласно работните методи од 2011 година и во поголема мера ја нагласи одговорноста на апликантите да реагираат во случај на проблеми при исплатата. Улогата на Одделот за извршување на пресудите во принцип е ограничена на нотирање на исплатата на главниот долг (досудениот износ на правично обештетување) и затезната камата, во случај на задоцнета исплата на паричното обештетување и објава на овие информации на интернет страницата- https://www.coe.int/en/web/execution/payment-information. По приемот и објавата на информациите во врска со исплатата апликантите имаат период од два месеца да се обратат до Одделот заради било какви проблеми во врска со исплатата. За ваквата можност за реакција апликантите се известуваат писмено од страна на ЕСЧП при доставувањето на пресудата. Во случај на било какви реакции од страна на апликантите, деталите околу исплатата ќе бидат потемелно испитани од страна на Одделот, а по потреба и од страна на Комитетот. Во случај на отсуство на било каква реакција од страна на апликантот во периодот од два месеци, прашањето за исплата на правичното обештетување се смета за затворено.

**Завршување на надзорот над извршувањето на конкретен предмет - сите мерки преземени - финална резолуција**

Кога Комитетот на министри ќе го добие конечниот акционен извештај со напомена дека државата смета дека сите мерки за извршување на пресудата се преземени и соодветно образложение за причините поради кои смета дека не се потребни понатамошни мерки,

започнува да тече периодот од 6 месеци во кој другите држави-членки или Секретаријатот може да поднесат определени коментари во однос на прашањето за затворање на предметот. Прашањето за затворање на предметот се разгледува низ призмата на акциониот извештај и евентуално поднесените коментари. Кога државите - членки и Секретаријатот ќе се согласат дека мерките кои биле предвидени и преземени од страна на државата се доволни, Секретаријатот ќе му предложи на Комитетот на министри, усвојување на финална резолуција. Процесот на надзор над извршувањето се смета за завршен, а пресудата за извршена со усвојување на финална резолуција од страна на Комитетот на министри.

**Зголемена интеракција помеѓу ЕСЧП и Комитетот на министри**

Интеракцијата на ЕСЧП и Комитетот на министри, преку примена на членот 46 од ЕКЧП од страна на ЕСЧП, постојано евалуира. Во последните години ЕСЧП сѐ почесто го помага процесот на извршување на пресудите на повеќе начини, на пр. преку давање на насоки во своите пресуди во однос на определени мерки на извршување кои државата треба да ги преземе (во ткн. квази-пилот пресуди или „пресуди врз основа на член 46 од ЕКЧП").

Такви препораки во денешната пракса на ЕСЧП може да се најдат во однос на индивидуалните мерки во сѐ поголем број на случаи, при што не е исклучено ЕСЧП да определи и рок за преземање на таквите мерки (на пример, во неколку случаи на незаконско лишување од слобода донесени во предмети против други држави-членки на Советот на Европа, ЕСЧП констатирал дека принципот на *restitutio in integrum* неопходно бара пуштање на слобода на апликантот и наредил негово итно пуштање).

Во контекст на општите мерки, во рамките на постапката за донесување на „пилот" пресуда, ЕСЧП подетално ги анализира причините за структурните проблеми кои ги воочил, со цел да даде соодветни препораки или попрецизни индикации во однос на општите мерки или може и да побара преземање на конкретни општи мерки во прецизно утврдени рокови во самата пресуда. Во овој контекст, ЕСЧП ги користи „пилот" пресудите во принцип во случаите на структурни проблеми кои генерираат или постои ризик да генерираат „клонирани" случаи.

## 4. Систем на извршување на пресудите и одлуките на ЕСЧП на национално ниво

Надлежно тело за следење и извршување на одлуките на ЕСЧП во предметите против Република Северна Македонија е Меѓуресорската комисија за извршување на одлуките на ЕСЧП (во продолжениот текст: Меѓуресорска комисија), со која раководи Министерот за правда, а во чиј состав влегуваат и функционерите кои раководат со Министерството за внатрешни работи, Министерството за надворешни работи, Министерството за финансии, претседателот на Судскиот совет на Република Северна Македонија, претседателот на Врховниот суд на Република Северна Македонија, претседателот на Вишиот управен суд, претседателите на четирите апелациони судови, претседателот на Уставниот суд, претседателот на Советот на јавните обвинители, Јавниот обвинител на Република Северна Македонија и Владиниот агент.

Иако според актуелното законодавство, Бирото за застапување на Република Северна Македонија пред ЕСЧП претставува техничко - административна поддршка на Меѓуресорската комисија, во суштина Бирото истовремено пружа и стручна поддршка на Меѓуресорската комисија.

Комуникацијата со Комитетот на министри, кој на ниво на Совет на Европа е задолжен за надзор над извршувањето на пресудите и одлуките на ЕСЧП, остана резервирана за Бирото за

застапување на Република Северна Македонија пред ЕСЧП, во чија надлежност меѓудругото, е не само организацијата, подготовката и поддршката на работата на Меѓуресорската комисија, туку и изготвувањето на акционите планови и извештаи и нивно доставување до Комитетот на министри. За разлика од ова, учеството во работата на состаноците за човекови права на Комитетот на министри (DH meetings (состаноци)), примарно поради финансиски причини сè уште, во принцип, останува резервирано за Постојаната мисија на Република Северна Македонија при Советот на Европа.

## 5. Меѓуресорска комисија во 2019 година

Во текот на 2019 година, Меѓуресорската комисија ги  разгледуваше мерките за извршување на вкупно 18 пресуди донесени од страна на ЕСЧП, а кои произлегуваат од апликации поднесени до Судот против Република Северна Македонија. За предметите кои беа на дневен ред на состаноците на Меѓуресорската комисија во 2019 година види **Анекс бр. 1**.

Комисијата усвои вкупно 6 заклучоци во врска со пресудите кои беа предмет на дневниот ред.

Заклучоците претставуваат препораки за преземање на определени активности во насока на извршување на некоја конкретна пресуда на ЕСЧП донесена во предмет против Република Северна Македонија, идентификувајќи ги притоа надлежните органи и роковите во кои препораките треба да бидат спроведени или пак со нив се бараат определени податоци, информации и известувања кои се однесуваат на извршувањето на конкретна пресуда или пак се бараат друг вид на податоци кои на Комисијата би ѝ овозможиле да предвиди соодветни мерки за извршување.

За секоја од седниците на Комисијата, Бирото за застапување на Република Северна Македонија пред ЕСЧП пружа административно-техничка помош на Комисијата, изготвува записник од состанокот и ги дистрибуира усвоените заклучоци од седницата на Комисијата до релевантните државни органи. Записниците од состаноците на Меѓуресорската комисија се јавно достапни на интернет страницата на Бирото за застапување на Република Северна Македонија пред Европскиот суд за човекови права.

Министерството за правда, особено Бирото за застапување на Република Северна Македонија пред ЕСЧП, укажува и понатаму на потребата за подобро разбирање на процесот на извршување на пресудите од сите засегнати страни. Во таа функција и овој извештај, традиционално посветува особено внимание меѓу другото и на информациите кои се однесуваат на процесот на извршување и обврските на државата кои што произлегуваат во рамките на истиот, постапката за надзор на извршувањето пред Комитетот на министри и неговите надлежности во рамките на истиот, како и на надлежностите и начинот на функционирање на Меѓуресорската комисија за извршување на одлуките на ЕСЧП.

## 6. Состојба на предметите против Република Северна Македонија под надзор на Комитетот на министри

Статистичките податоци презентирани во прилог на овој извештај се однесуваат на 2019 година, односно периодот од 1 јануари до 31 декември 2019 и се презентирани преку класификацијата компатибилна со онаа која ја користи Комитетот на министри, според која предметите се делат на: *водечки, „клонирани“ (повторувачки)* и *изолирани.*

***Водечки случаи,*** за потребите на надзор врз извршувањето, се оние кои од страна на самиот ЕСЧП во неговата пресуда или од страна на Комитетот на министри, се идентификувани како предмети кои разоткриваат структурни проблеми во одговорната држава и чие извршување бара преземање на општи мерки. Водечките случаи *a fortiori* ги опфаќаат „пилот“ пресудите донесени од страна на ЕСЧП. Треба да се има предвид дека водечките случаи може да бидат различни од аспект на нивната важност, имајќи предвид дека тие се однесуваат на проблеми кои се со различен степен на сложеност, кои во зависност од околностите, бараат поедноставни или преземање на послoжени или покомплексни мерки за потребите на нивното извршување.

***„Клонирани“ (повторувачки) случаи*** во принцип се оние кои се однесуваат на структурни или генерални проблеми кои веќе се покренати пред Комитетот на министри во еден или повеќе водечки случаи, односно предмети; па овие предмети најчесто се групираат во група со водечкиот предмет за целите на надзорот врз извршувањето.

***Изолирани случаи*** се оние каде повредата на ЕКЧП е тесно врзана за специфичните околности на конкретниот предмет. Еден случај кој во иницијалната фаза од надзорот над процесот на извршување бил класифициран како изолиран случај, може да стане водечки, во светло на последователни информации кои укажуваат на постоење на погенерален проблем.

***Предметите решени спогодбено,*** најчесто се вклучуваат во некоја од групите какви што се формираат за потребите на следење на процесот на извршување на начинот опишан погоре. Со влегувањето во сила на Протоколот бр.14 на 1 јуни 2010 година, во надлежност на Комитетот на министри е и извршувањето на одлуките за спогодбено решавање на предметите донесени од страна на ЕСЧП врз основа на спогодба постигната помеѓу државата и апликантот, односно апликантите, а согласно член 39 став 4 од ЕКЧП, како и пресудите донесени од страна на совет од тројца судии согласно членот 28 став 1 точка б од ЕКЧП.

Комитетот на министри не го следи извршувањето на одлуките донесени врз основа на унилатералните декларации или едностраните изјави на државите со кои се признаваат повредите на ЕКЧП. Сепак, треба да се има предвид можноста дека доколку државата не ги реализира обврските преземени од нејзина страна во изјавената унилатерална декларација, апликантот има право да побара неговиот предмет да биде вратен на листата на предмети пред ЕСЧП.

На крајот од 2019 година пред Комитетот на министри под надзор на следење на процесот на извршување останале вкупно 35 предмети против Република Северна Македонија, од кои 14 се „водечки“, додека 20 предмети се вбројуваат во групата на „клонирани“ (повторувачки) случаи, а 1 предмет е решен со пријателска спогодба. За листата на предмети против Република Северна Македонија кои се класифицирани како „водечки“ предмети види **Анекс бр. 2**.

Под „зајакнат надзор“ на Комитетот на министри, на крајот на 2019 година, биле 5 пресуди против Република Северна Македонија, од кои 2 се класифицирни како „водечки“ (види **Анекс бр. 2**).




Според статистиката, во текот на 2019 година, пред Комитетот на министри за надзор над извршувањето се пристигнати вкупно 9 нови предмети против Република Северна Македонија од кои 4 се класифицирани во групата на „водечки“ предмети (види **Анекс бр. 3**).




## 7. Предмети чие што извршување е затворено со финални резолуции усвоени во текот на 2019 година

Во текот на 2019 година од страна на Комитетот на министри беа донесени финални резолуции во однос на  26 предмети, од кои 10 предмети беа класифицирани како водечки. За пресудите чиешто извршување е затворено со финална резолуција во 2019 година види **Анекс бр. 4**.

Во текот на 2019 година беа донесени финални резолуци од страна на Комитетот на министри во однос на 5 предмети за кои одлучувал комитет од тројца судии, бидејќи Судот предметните прашања ги сметаше за предмет на веќе добро воспоставена судска пракса (well established case

law), а беше затворено и извршувањето на 1 одлука донесена врз основа на спогодба (види **Анекс бр.6**).




### 8. Поднесени акциони планови/извештаи

Почнувајќи од 01 јануари 2019 година до крајот на 2019 година, од страна на Бирото поднесени се 19 акциони планови/извештаи за 25 предмети кои се прикажани во **Анекс бр. 5**.

### 9. Времетраење на извршувањето

Анализата на времетраењето на извршувањето на пресудите на Република Северна Македонија пред Комитетот на министри, гледано низ призмата на „водечките" случаи кои што се затворени во текот на 2019 година со финални резолуции, покажува дека извршувањето во 5 случаи траело повеќе од 5 години, во 4 предмети траело од 2-5 години и во исто толку предмети, извршувањето на крајот на 2019 година, траело помалку од 2 години (види **Анекс бр.6**).

### 10. Финансиски импликации

Земајќи ги предвид износите на правично обештетување (нематеријална, материјална штета и трошоци) досудени со пресудите и одлуките на ЕСЧП во текот на 2019 година, според презентираната статистика од страна на Комитетот на министри при Советот на Европа за 2019 година во однос на Република Северна Македонија, досудениот износ по основ на одлуки и пресуди е 266,915 €. Во однос на реализацијата на исплатите на досудените износи и почитување на роковите за исплата види **Анекс бр. 7**.


Досудени износи од страна на ЕСЧП
165,084 €
337,150 €
353,408 €
301,240 €
139,145 €
102,870 €
87,530 €
124,900 €
266,915 €
2011
2012
2013
2014
2015
2016
2017
2018
2019

**Анекс бр. 1**

**Предмети на дневен ред на Меѓуресорската комисија во 2019 г.**

1. Тасев против Република Северна Македонија, А.бр. 9825/13, пресуда од 16 мај 2019;

2. Стојановски и други против Република Македонија, А.бр. 14174/09, пресуда од 7 февруари 2019 година;

3. Арсовски против Република Македонија, А. бр. 30206/06 од 7 февруари 2019 година;

4. Х против Република Македонија, А.бр. 29683/16, пресуда од 17 јануари 2019;

5. Билески против Република Северна Македонија, А.бр. 78392/14, пресуда од 6 јуни 2019;

6. Пауноски против Република Северна Македонија, А.бр. 18669/08, пресуда од 6 јуни 2019;

7. АСП ПП ДООЕЛ против Република Северна Македонија, А.бр. 66313/14, пресуда од 6 јуни 2019;

8. Зибери против Република Северна Македонија, А.бр. 2166/15, пресуда од 6 јуни 2019;

9. Група на предмети:

- Православна Охридска Архиепископија (Грко - православна Охридска Архиепископија на Пеќката Патријаршија) против Република Северна Македонија, А.бр. 3532/07, пресуда од 16 ноември 2017 - водечки предмет;
- Бекташиска верска заедница и други против Република Северна Македонија, А. бр. 48044/10, А.бр. 75722/12 и А.бр. 25176/13, пресуда од 12 април 2018;
- Ставропигијален Манастир Св. Јован Златоуст против Република Северна Македонија, А.бр. 52849/09, пресуда од 29 ноември 2018;
- Црква на Вистинските Православни Христијани и Ивановски против Република Северна Македонија, А. бр. 35700/11, пресуда од 29 ноември 2018 година.

10. Ел – Масри против Република Македонија, А. бр. 39630/09, пресуда од 13 декември 2012;

11. Хајрулаху против Република Македонија, А.бр. 37537/07, пресуда од 29 октомври 2015;

12. Група на предмети:

- Геровска Попчевска против Република Македонија, А.бр. 48783/07, пресуда од 7 јануари 2016;

- Митриновски против Република Македонија, А. бр. 6899/12, пресуда од 30 април 2015;

- Јакшовски и Трифуновски против Република Македонија, А.бр. 56381/09 и А.бр. 58738/09, пресуда од 7 јануари 2016;

- Попоски и Дума против Република Македонија, А.бр. 69916/10 и А.бр. 36531/11, пресуда од 7 јануари 2016.

**Анекс бр. 2**

| „ВОДЕЧКИ“ ПРЕДМЕТИ ПРОТИВ РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ВО ИЗВРШУВАЊЕ ПОД НАДЗОР НА КОМИТЕТОТ НА МИНИСТРИ | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | **Број на апликација** | **Датум на донесување на пресудата** | **Датум на правосилност** | **Апликант** | **Вид на повреда** | **Тип на надзор** |
| **1.** | А.бр.37537/07 | 29 октомври 2015 | 29 јануари 2016 | Хајрулаху | **член 3 од Конвенцијата (процесен аспект)**<br><br>-пропуст на државните власти да ги истражат наводите на апликантот за несоодветното постапување и тортура од страна на полициските службеници;<br><br>**член 3 од Конвенцијата (материјален аспект)**<br>-несоодветно постапување и тортура од страна на полициските службеници за време на неговиот *incommunicado* притвор;<br><br>**член 6 § 1 од Конвенцијата**<br>- повреда на правото на правична постапка поради искористувањето на изјавата за признание на апликантот дадена под присилба; | **Стандарден надзор** |
| **2.** | А.бр.23152/05 | 27 мај 2010 | 27 август 2010 | Настеска | **член 6 § 1 од Конвенцијата**<br>-повреда на правото на еднаквост на оружјата во кривичната постапка;<br>-долго траење на кривичната постапка | **Стандарден надзор** |
| **3.** | А.бр.30206/06 | 15 јануари 2013[1] | 15 април 2013 | Арсовски | **член 1 од Протокол број 1 кон Конвенцијата**<br>-повреда на правото на сопственост поради недоволен надомест во постапка за експропријација на имот во интерес на приватно лице; | **Стандарден надзор** |

[1] Делумна пресуда со која е одлучено по основаноста на аплакцијата и нематеријланата штета, а на 7 февруари 2019 г. Судот донесе дополнителна пресуда со која одлучи за материјалната штета во конкретниот случај.

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **4.** | А.бр.41188/06 | 19 април 2011 | 19 јули 2011 | Атанасов | **член 6 § § 1 и 3 (г) од Конвенцијата**<br>-повреда на правото на правично судење во кривична постапка, поради необезбедување на можност за сослушување на сведок; | **Стандарден надзор** |
| **5.** | А.бр.28169/08 | 28 октомври 2010 | 28 јануари 2011 | Василкоски и други | **член 5 § 3 од Конвенцијата**<br>-отсуство на конкретни и недоволно образложени причини за притвор на апликантите; | **Стандарден надзор** |
| **6.** | А.бр.14174/09 | 23 октомври 2014[2] | 23 јануари 2015 | Стојановски и други | **член 1 од Протоколот бр.1 кон Конвенцијата**<br>-повреда на правото на сопственост во постапка за денационализација; | **Стандарден надзор** |
| **7.** | А.бр.15191/12 | 22 јануари 2015 | 22 април 2015 | Китановски | **член 2 од Конвенцијата (материјален аспект )**<br>-употреба на животозагрозувачки третман од страна на полициски службеници;<br><br>**член 3 од Конвенцијата (материјален аспект)**<br>-деградирачки третман од страна на полициските службеници за време на неговото апсење;<br><br>**член 2 и 3 од Конвенцијата (процесен аспект)**<br>-отсуство на ефективна истрага за жалбените наводи на апликантот поради животозагрозувачкиот и деградирачки третман од страна на полициските службеници; | **Стандарден надзор** |

[2] Делумна пресуда со која е одлучено по основаноста на аплакцијата и нематеријланата штета, а на 7 февруари 2019 г. Судот донесе дополнителна пресуда со која одлучи за материјалната штета во конкретниот случај.

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **8.** | А.бр. 53565/13 | 16 април 2015 | 16 јули 2015 | Митови | **член 8 од Конвенцијата**<br>-повреда на правото на апликантите на почитување на нивниот семеен живот, како резултат на пропустот на државните власти да преземат соодветни и ефективни напори за извршување на одлуките за видување на Центарот за социјални работи;<br><br>**член 13 од Конвенцијата во врска со членот 8 од Конвенцијата**<br>-отсуство на ефективен правен лек; | **Стандарден надзор** |
| **9.** | А.бр.49382/06 | 19 април 2012 | 19 јули 2012 | Сашо Ѓорѓиев | **член 2 од Конвенцијата (материјален аспект)**<br>-пропуст на државните власти да ги преземат сите разумни мерки за заштита на апликантот од полициски службеник кој го повредил со службено огнено оружје надвор од вршењето на неговата должност; | **Стандарден надзор** |
| **10.** | А.бр.3532/07 | 16 ноември 2017 | 9 април 2018 | Православна Охридска Архиепископија (Грко-православна Охридска Архиепископија на Пеќката Патријаршија) | **член 11 во врска со член 9 од Конвенцијата**<br>-повреда на правото на слобода на здружување поради одбивањето на државните власти да го регистрираат здружението апликант како верски субјект; | **Зајакнат надзор** [3] |

[3] Под зајакнат надзор во иста група заедно со пресудата во случајот Православна Охридска Архиепископија (Грко- православна Охридска Архиепископија на Пеќката Патријаршија), А.бр.3532/07 се уште три пресуди на ЕСЧП и тоа: Црква на Вистински Православни Христијани и Ивановски, А.бр.35700/11, Ставропигијален Манастир „Св.Јован Златоуст" , А.бр.52849/09, и Бекташиска заедница и други , А.бр.48044/10, А.бр.75722/12 и А.бр.25176/13, сите од 2018 година, кои се класифицирани како повторувачки предмети.

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **11.** | А.бр. 29683/16 | 17 јануари 2019 | 17 април 2019 | Х | **член 8 од Конвенцијата**<br>-повреда на правото на апликантот на почитување на правото на приватност, како резултат на недостаток на правна рамка која ги регулира условите и постапката за промена на ознаката за пол во изводот на родени; | **Зајакнат надзор** |
| **12.** | А.бр. 9825/13 | 16 мај 2019 | 16 август 2019 | Тасев | **член 8 од Конвенцијата**<br>-повреда на правото на апликантот на почитување на правото на приватност, како резултат на одбивањето на државните власти да го прифатат барањето на апликантот за промена на неговата национална припадност во судскиот изборен именик; | **Стандарден надзор** |
| **13.** | А.бр. 46082/14 | 26 септември 2019 | 26 септември 2019 | Анастасов | **член 1 од Протоколот бр.1 од Конвенцијата**<br>-повреда на правото на сопственост поради конфискација на возилото на апликантот во прекршочна постапка која застарела во 2012 г.; | **Стандарден надзор** |
| **14.** | А.бр. 51599/11 | 14 ноември 2019 | 14 ноември 2019 | Јакимовски и Кари превоз | **член 1 од Протоколот бр.1 од Конвенцијата**<br>-повреда на правото на сопственост поради конфискација на возилото на апликантот во прекршочна постапка. | **Стандарден надзор** |

**Анекс бр.3**

| Движење на предметите против Република Северна Македонија пред Комитетот на министри | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **нови предмети** | | | | **финални резолуции** | | | | **предмети под надзор** | | | |
| **вкупно предмети** | | **од кои водечки предмети** | | **вкупно предмети** | | **од кои водечки предмети** | | **вкупно предмети** | | **од кои водечки предмети** | |
| | | | | | | | | | | | |
| 2018 | **2019** | 2018 | **2019** | 2018 | **2019** | 2018 | **2019** | 2018 | **2019** | 2018 | **2019** |
| | | | | | | | | | | | |
| 23 | **9** | 5 | **4** | 23 | **26** | 10 | **10** | 52 | **35** | 20 | **14** |

**Анекс бр.4**

| **Пресуди против Република Северна Македонија чие извршување е затворено со финални резолуции усвоени од Комитетот на министри во 2019 година** | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | **Предмет** | **Број на апликација** | **Датум на донесување на пресуда** | **Датум на донесување на финална резолуција** | **Вид на повреда** |
| **1.** | Пауноски | А.бр. 18669/08 | 6 јуни 2019 | 11 декември 2019 | **Повреда на член 6 § 1 од Конвенцијата** (неразумно долго траење на домашната кривична постапка) |
| **2.** | Ел-Масри | А.бр. 39630/09 | 13 декември 2012 | 3 декември 2019 | **Повреда на член 3 од Конвенцијата** (процесен аспект поради отсуство на ефективна истрага за жалбените наводи на апликантот за несоодветното постапување од страна на државните полициски служби), **член 3 од Конвенцијата** (материјален аспект поради нечовечко и понижувачко постапување на кое бил изложен апликантот додека бил држен во хотел и на аеродромот во Скопје од страна на државните полициски служби, предавањето на апликантот на американските државни власти, изложувајќи го на реален ризик од понатамошно постапување спротивно на член 3 од Конвенцијата);<br><br>**Повреда на член 5 од Конвенцијата** (материјален аспект поради арбитрерно држење на апликантот во хотел во Скопје и негово подоцнежно притворање во Авганистан), **член 5 од Конвенцијата** (процесен аспект поради отсуство на ефективна истрага за наводите на апликантот за негово арбитрерно притворање);<br><br>**Повреда на член 8 од Конвенцијата** (вмешување на правото на |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | почитување на неговиот приватен и семеен живот кое не било во согласност со закон);<br>**Повреда на член 13 в.в со член 3, 5 и 8 од Конвенцијата** (отсуство на ефективен правен лек за жалбените наводи на апликантот) |
| **3.** | Петровиќ | А.бр. 30721/15 | 22 јуни 2017 | 3 декември 2019 | **Повреда на член 6 § 1 од Конвенцијата** (неразумно долго траење на домашната управна постапка) |
| **4.** | Борис Стојановски | А.бр. 41916/04 | 6 мај 2010 | 3 декември 2019 | **Повреда на член 6 § 1 од Конвенцијата (**повреда на правото на пристап до суд) |
| **5.** | Андоноски | А.бр. 16225/08 | 17 септември 2015 | 13 ноември 2019 | **Повреда на член 1 од Протоколот бр.1 од Конвенцијата** (повреда на правото на сопственост поради конфискација на возилото на апликантот во кривична постапка водена против трето лице) |
| **6.** | Митриновски и 3 други предмети (Геровска Попчевска, Попоски и Дума, Јакшовски и Трифуновски) | А.бр. 6899/12, 48783/07, 56381/09, 69916/10 | 30 април 2015,<br>7 јануари 2016,<br>7 јануари 2016,<br>7 јануари 2016 | 13 ноември 2019 | **Повреда на член 6 § 1 од Конвенцијата** (повреда на правото на непристрасен суд во постапката пред Судскиот совет, за разрешување на апликантите од неговните судиски функции); |
| **7.** | Макрадули | А.бр. 64659/11 | 19 јули 2018 | 4 септември 2019 | **Повреда на член 10 од Конвенцијата** (повреда на правото на слобода на изразување во кривични постапки во кои била утврдена вина на апликантот за клевета на државен функционер) |
| **8.** | Еуромак метал ДОО | А.бр. 68039/14 | 14 јуни 2018 | 4 септември 2019 | **Повреда на член 1 од Протокол бр. 1 од Конвенцијата** (повреда на правото на сопственост на компанијата апликант) |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **9.** | Велинов | А.бр. 16880/08 | 19 септември 2013 | 4 септември 2019 | **Повреда на член 5 § 1 (б) од Конвенцијата** (повреда на незаконито лишување од слобода на апликантот, поради парична казна заменета со затворска и покрај тоа што апликантот истата ја платил);<br><br>**Повреда на член 5 § 2 од Конвенцијата** (поради неинформирање на апликантот за причините за негово лишување од слобода);<br><br>**Повреда на член 5 § 5 од Конвенцијата** (поради пропуст на државните власти да му исплатат надомест за неговото незаконито лишување од слобода);<br><br>**Повреда на член 6 од Конвенцијата** (повреда на правото на правично судење поради долго траење на постапката за надомест за незаконито лишување од слобода);<br><br>**Повреда на член 13 во врска со членот 6 од Конвенцијата** (поради отсуство на ефективен правен лек во однос на должината на постапката) |
| **10.** | Миткова | А.бр. 48386/09 | 15 октомври 2015 | 4 септември 2019 | **Повреда на член 6 од Конвенцијата** (повреда на правото на правично судење поради отсуство на усна расправа во управна постапка и поради долго траење на управната постапка) |
| **11.** | Тасева Петровска | А.бр. 73759/14 | 11 јануари 2018 | 4 септември 2019 | **Повреда на член 6 § 1 од Конвенцијата** (пропуст на надлежните органи да ѝ достават на апликантката произнесување на спротивната страна во судска постапка) |
| **12.** | Љатифи | А.бр. 19017/16 | 17 мај 2018 | 4 септември 2019 | **Повреда на член 1 од Протоколот бр.7 од Конвенцијата** (пропуст на државните власти да ги почитуваат процесните гаранции поврзани со протерување на странци во управна постапка по завршување на која апликантката требала да ја напушти државата; пропуст на домашните судови да ги преоценат наводите на државните |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | безбедносни служби дека апликантката претставува опасност по безбедноста на државата) |
| **13.** | Селами и други | А.бр. 78241/13 | 1 март 2018 | 27 март 2019 | **Повреда на член 3 од Конвенцијата** (процесен аспект поради отсуство на ефективна истрага поради несоодветниот третман од страна на полицијата);<br><br>**Повреда на член 5 § 5 од Конвенцијата** (поради несоодветен надомест досуден од страна на домашните судови за третманот кој бил изложен апликантот од страна на полицијата) |

**Анекс бр. 5**

**Предмети за кои што се поднесени акциони планови и извештаи**

1. Група на предмети: Православна Охридска Архиепископија (Грко- православна Охридска Архиепископија на Пеќката Патријаршија) (А.бр.3532/07), Црква на Вистински Православни Христијани и Ивановски (А.бр.35700/11), Ставропигијален Манастир „Св.Јован Златоуст“ (А.бр.52849/09), Бекташиска заедница и други (А.бр.48044/10, А.бр.75722/12 и А.бр.25176/13);
2. Селами и други (А.бр.78241/13);
3. Тасева Петровска (А.бр.73759/14);
4. X (А. бр. 29683/16);
5. Ел Масри (А.бр.39630/09);
6. Хајрулаху (А.бр. 37537/07);
7. Стојановски (А.бр. 14176/09);
8. Андоноски (А.бр. 16225/08);
9. Група на предмети: Митриновски (А.бр. 6899/12), Геровска Попчевска (А.бр. 48783/07), Попоски и Дума (А.бр. 56381/09), Јашовски и Трифуновски (А. бр. 69916/10);
10. АСП ПП ДООЕЛ (А.бр. 66313/14);
11. Борис Стојановски (А.бр. 41916/04);
12. Петровиќ (А.бр. 30721/15);
13. Арсовски (А.бр. 30206/06);
14. Пауноски (А.бр. 18669/08);
15. Миткова (А.бр. 48386/09);
16. Велинов (А.бр. 16880/08);
17. ЕУРОМАК МЕТАЛ ДОО (А.бр. 68039/14);
18. Макрадули (А.бр. 64659/11; 24133/13);
19. Љатифи (А.бр. 19017/16).

**Анекс бр.6**

| **Должина на извршување на водечките предмети против Република Северна Македонија кои што се затворени** | | | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Просечно времетраење на извршувањето** | | | | | | | | | | | | **Предмети согласно Протокол бр.14** | | | |
| **Водечки предмети чие извршување трае помалку од 2 години** | | | | **Водечки предмети чие извршување трае помеѓу 2 и 5 години** | | | | **Водечки предмети чие извршување трае повеќе од 5 години** | | | | **Предмети одлучени од страна на тројца судии (WECL) (член 28 став 1 точка б)** | | **Пријателски спогодби (член 39 став 4)** | |
| 2018 | | **2019** | | 2018 | | **2019** | | 2018 | | **2019** | | 2018 | **2019** | 2018 | **2019** |
| Стандарден надзор | Зајакнат надзор | **Стандарден надзор** | **Зајакнат надзор** | Стандарден надзор | Зајакнат надзор | **Стандарден надзор** | **Зајакнат надзор** | Стандарден надзор | Зајакнат надзор | **Стандарден надзор** | **Зајакнат надзор** | 5 | **5** | 10 | **1** |
| 1 | 1 | **2** | **2** | 6 | 1 | **4** | / | 7 | 1 | **5** | / | | | | |

**Анекс бр.7**

| Почитување на роковите за исплата на правичното обештетување досудено од страна на ЕСЧП | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Предмети во однос на кои исплатата е извршена во рок** | | **Предмети во однос на кои исплатата е извршена со задоцнување** | | **Предмети за кои до 31.12.2019 се чекала потврда за извршена исплата** | |
| | | | | | |
| 2018 | **2019** | 2018 | **2019** | 2018 | **2019** |
| | | | | | |
| 11 | **22** | 1 | **1** | 14 | **2** |